**Стефан Марковски** (Гевгелија, 1990) дипломирал на Катедрата за општа и компаративна книжевност при Филолошкиот факултет, а потоа и на Институтот за филозофија при Филозофскиот факултет. Магистрирал Сценарио за филм и ТВ на Факултетот за драмски уметности при УКИМ. Член е на ДПМ од 2014-та година. Раководно лице, уредник, преведувач. Добитник е на домашни и странски книжевни награди.

# Програма за работа на ДПМ и Собранието на ДПМ во периодот 2023-2027

Мојата програма за работа на Друштвото на писателите на Македонија и неговото Собрание во периодот 2023-2027 предвидува динамика и диверзификација на активностите, а нејзината реализација е втемелена на 3 столба: 1. Меѓународна дејност и соработка; 2. Грижа за благосостојбата на писателите и финансиски надомест за авторскиот труд; и 3. Вложување напори за доекипирање, создавање специјализирани сектори и подобрување на работењето на постоечките.

Транспарентноста, инклузивноста и демократичноста во работата на Друштвото на писателите на Македонија ќе бидат приоритети кои ќе го сплотат членството и ќе изградат подлога за конструктивен и проактивен однос меѓу членовите и неговото раководство, како и меѓу различните творечки генерации.

За успешната реализација на предвидените активности од пресудна важност е постојаното вклучување на што е можно поголем број членови на Друштвото.

Како Претседател на Собранието би дал максимални напори асоцијацијата да се отвори кон автори од сите творечки генерации, односно кон сите членови кои со сопствениот труд би придонеле кон подобрувањето на нејзиното функционирање.

## I. <u>Меѓународна дејност и соработка</u>

- **Продлабочување на соработката со најголемата европска писателска федерација – Европскиот писателски совет и асоцијациите-членки**

Во согласност со кадровските, техничките и материјалните капацитети, Друштвото на писателите на Македонија, како редовен и полноправен член од јуни оваа година, и понатаму активно ќе биде дел од програмски предвидените активности на Советот.

Зачленувањето на ДПМ во Европскиот писателски совет на Генералното собрание одржано на 4 јуни 2023 г. во Берлин, кон кое имав прилика да дадам

сопствен придонес, а кое се случи благодарение на поддршката од тогашната претседателка на Советот, го сметам за важен миг од постоењето на нашата асоцијација. Официјалното обраќање кое го дадов по овој повод како иницијатор на зачленувањето е достапно на следнава веб-локација.

Членувањето во Советот, директно или индиректно овозможува различни придобивки за македонските писатели, вклучувајќи и потенцијални можности за хонорирање на писателите преку изработка на соодветни иницијативи до државните институции.

Една од тие иницијативи, за кои ќе биде дадена и потребната меѓународна поддршка, би се однесувала и на донесувањето законски измени кои би овозможиле реализација на правата за зајмување во јавните библиотеки, а неговото евентуално имплементирање би било од корист за сите македонски автори.

За реализација на ова, покрај другото е важно во претстојните 4 години да бидат подмирувани трошоците за годишна членарина во износ од 600 евра во оваа најголема европска писателска федерација, со очекувана финансиска поддршка од Министерството за култура.

Исклучително ми е драго што Одборот на Европскиот писателски совет, неодамна, на 12.10.2023 г., по мое повеќемесечно настојување се согласи на намалување на членарината за ДПМ од првично предвидените 2,000 евра (стандарден износ за годишна членарина) на сума од 600 евра, што е најнискиот износ што се плаќа за годишна членарина во оваа федерација. Оваа сума беше подмирена во најкраток можен рок од страна на Министерството за култура со вонредна поддршка (вон Годишната програма), откако стана јасно дека ДПМ е примено во најважната европска писателска федерација.

За вклучувањето во современите европски и светски трендови во литературата, ќе се вложат напори за заживување на меѓународната соработка.

## II. Грижа за благосостојбата на писателите и финансиски надомест за авторскиот труд

- **Иницијатива за изработка и предложување закон за права на зајмување за јавните библиотеки (PLR) кој ќе овозможи финансиски бенефит за македонските писатели**

Правата за зајмување за јавните библиотеки (англ. PLR; Public Landing Rights) се законски загарантирани права со кои писателите, како и сите други учесници/соработници неопходни за успешната реализација на едно печатено издание (уредници, лектори, дизајнери и други), покрај издавачките куќи, добиваат соодветен хонорар од јавните библиотеки во еден од двата случаја: 1) при секое

изнајмување на нивните книги во јавните библиотеки; или 2) при снабдувањето на библиотеките со нивните книги. Во повеќето европски земји, правата за зајмување се веќе имплементирани, иако во различни законски, финансиски и техничко-материјални рамки.

На пример, во Р. Германија секој автор добива 3 центи за секое позајмување на негово дело од јавна библиотека, додека пак, во скандинавските земји оваа сума е многу повисока, што соодветствува на висината на буџетите на министерствата за култура за ова прашање. Во Франција е имплементиран модел кој не го зема предвид бројот на зајмувања; наместо тоа, библиотеките еднократно исплаќаат, преку законски предвидена институција, одреден процент на авторите чии книги биле откупени од библиотеките.

По средби со многубројни претставници од земји каде постојат законски регулативи за права за јавно зајмување, и каде овие модели функционираат на едно ниво кое одразува вреднување на авторското дело, меѓу кои министри, како и раководни лица на соодветни институции, ми беше укажана поддршка од највисоките меѓународни тела, како на пример PLR International, со цел да се укаже на одговорните лица од македонските институции на важноста и бенефитите на постепено имплементирање на соодветен модел кој би одговарал на македонскиот библиотечен систем.

Друштвото на писателите на Македонија би било иницијатор и би било вклучено во евентуалното координативно тело за имплементирање на соодветен модел за остварување зајмувачки права.

За законска имплементација на моделот ќе се воспостави соработка со сите организации и институции кои би можеле да придонесат кон ова, вклучувајќи ги и издавачките куќи.

Сепак, мора да се нагласи фактот дека динамиката, па и самата основа за имплементација на активности во оваа насока, покрај од иницијативата на ДПМ, пресудно зависи од институционалната волја и капацитети.

Во таа смисла, она што може да се реализира е вложувањето максимални напори во подигањето на институционалната свест за вреднувањето на авторскиот труд, што ќе го трасира патот до легислатива чијашто цел е првенствено заштита на домашното творештво и автори.

На крајот, Друштвото преку своите меѓународни активности би вложило дополнителен труд во оваа насока и преку учеството во веќе постоечки иницијативи на Советот за заштита на авторскиот труд.

- **Формирање Сектор за помош и поддршка на невработени автори, како и писатели со економски потреби**

Во рамки на Друштвото, со неопходната поддршка од неговите органи, ќе биде предложено формирање посебно тело со синдикален предзнак, односно Сектор кој би се ангажирал за благосостојбата на авторите кои немаат работа, односно се наоѓаат во економски незавидна положба.

Доколку биде оформен, членовите на овој орган би поднесувале иницијативи до државните институции, како Агенцијата за вработување, потоа платформите за борба против сиромаштијата и Министерството за труд и социјална политика, и активно би создавал и би посредувал при постоечк*ите иницијативи* за вклучување на бизнисите во решавањето на овој проблем и би ги информирал членовите на ДПМ, но и писателите воопшто за актуелните можности за хонорарно дејствување, креативни работилници, доедукација, можности за усовршување на дигиталните вештини, наоѓање работа во сферата на литературата или сродните сфери.

## III. Вложување напори за доекипирање, создавање специјализирани сектори и подобрување на постоечките

- **Ангажман на дополнителни лица (најмалку уште едно) со зададени активности за подинамично и посестрано функционирање на Друштвото**

Со постојан или барем повремен ангажман на најмалку уште едно, по можност и повеќе лица, би се подобрила и севкупната комуникација на ДПМ, покрај со своите членови, а акцентот на работните активности би бил ставен врз организациските активности, но и активностите поврзани со пополнување апликации за финансиска поддршка за реализација на проектите и активностите предвидени во оваа програма.

- **Предложување нови Сектори/работни тела за специфични домени**

По примерите на некои од писателските асоцијации на европските земји, а во согласност со динамиката на работа ќе биде предложено оформување нови работни тела за специфични домени на дејствување.

Доколку биде добиена потребната поддршка (во согласност со Статутот и облигациите кои произлегуваат од него) за нивното формирање, новите работни тела би биле: 1) Сектор за помош и поддршка на невработени писатели, како и

писатели со економски потреби; 2) Сектор за драматургија и сценарио; 3) Сектор за литература за деца; и 4) Сектор за превод и промоција на македонската литература.

Клучна за функционирањето на овие сектори би била волјата на членовите на ДПМ.

- **Сектор за драматургија и сценарио**

Создавање Сектор на драматурзи и сценаристи при ДПМ, кој би се ангажирал за објавување и реализација на квалитетни драмски и сценаристички текстови, како и заштита на правата и финансиските придобивки на професионалните драматурзи и сценаристи во процесот на продукција.

- **Сектор за литература за деца**

Приоритетна цел на Секторот за литература за деца е подобрување на соработката меѓу Друштвото и основните училишта, овозможувајќи им на членовите на ДПМ кои создаваат литература за деца почести гостувања во основните училишта.

- **Создавање Сектор за превод и промоција на македонска литература**

Работата на Секторот за превод и промоција на македонска литература се состои во залагање за организиран, транспарентен и квалитетен пристап во преведувањето, објавата и промоцијата на македонските класици, но и современите/младите македонски писатели на странски јазици и обезбедување соодветна соработка со државните институции за оваа цел. Овде во прв план спаѓа соработката со Министерството за култура и меѓународните мрежи за превод.

- **Подобрување на работата на Секторот за издавачка дејност**

Еден од приоритетите во поднесувањето на апликациите на Годишниот конкурс на Министерството за литература, покрај останатото, ќе биде и постојаното вклучување различни издавачки проекти.

**<u>За тековните активности и работата на ДПМ</u>**

- Транспарентна работа на ДПМ и почитување на статутарните и законските одредби во врска со тековните активности и целокупната работа.
- Ќе се вложи напор настаните да се организираат во и надвор од просториите на ДПМ во термини кои одговараат на членовите.
- Редовноста во примањето нови членови ќе соодветствува на динамиката на активности на асоцијацијата.

- Вклучувањето што е можно повеќе членови во активностите ќе биде приоритет во нивното натамошно одвивање.
- Реактивирање на веб-сајтот на асоцијацијата.
- Организирање промоции, средби и вечери, одбележување годишнини, трибини и конференции. Трибините/конференциите на ДПМ би се однесувале на релевантни теми и прашања за современата литература, како социо-економската положба на писателите, потребата за промени на образовната програма, пишувањето во време на генеративна вештачка интелигенција итн.

**Стефан Марковски**

